ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Национална установа Национална опера и балет

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (631) за 2020 година.

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- надоместокот за изнајмување на сценски простор не е конкретно прецизиран со што е овозможено субјективно формирање на цените при закупот, како и издавање на простор и по пониски цени од минималниот праг на цените предвидени во актот за определување на цени за издавање под закуп;
- изнајмување на рекламен простор без претходно донесен акт од органот на управување за утврдување на висината на овој вид на закуп.

**Издадено мислење*:**
Изразено е неповолно мислење во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2020 година.

**Клучни системски слабости:**
/

**Клучни препораки:**
- усвојување на ценовник за одредување на цената за издавање на сценскиот простор;
- да се донесе ценовник за изнајмување на рекламен простор.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
/

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018